Здружение за интердисциплинарни истражувања и практики во современата уметност СТУДИО ПРИВАТЕН ПРИНТ Скопје
- PrivatePrint studio -

МК

23.04.2024 г.

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2023 ГОДИНА

PrivatePrint studio официјално е основано во 2018. Неофицијално функционира како уметничко студио од 2015, преку активностите на првиот независен издавач на уметнички книги во Северна Македонија. Главните цели на студиото се основаат на интердисциплинарни истражувања и практика во современата уметност и култура со особен акцент на уметничката книга, графичкиот дизајн и други медиуми на современата уметност видени во поширок социо-културен контекст. Работата на студиото се развива од специфичните потреби на нашиот локален културен систем во смисла на отворање на простор, платформа за подобра видливост и поврзаност на институционално помалку видливите уметници и уметнички практики во локалниот контекст, како и размена на идеи на меѓународно поле.

## Цели на PrivatePrint studio

» Научно-истражувачка цел во врска со поддршка, промоција и имплементација на интердисциплинарни истражувања и практики во современата уметност и култура.
» Афирмирање, проучување и продукција на уметнички книги како современо уметничка практика, во поширок културно-општествен контекст.
» Развој на уметничкото образование во поширок општествен контекст во врска со новите и прогресивни уметнички практики.
» Афирмирање на партиципативен, инклузивен и критички пристап во културно-општествени рамки, со цел развој на активно граѓанство.
» Создавање, промовирање, архивирање, документирање на прогресивни и иновативни уметнички практики и уметничко-културна продукција, како и на помалку застапени современи уметнички практики и теми.
» Подигање на свеста за новите медиуми и форми на израз во современата уметност, на македонската културно-општествена сцена и интернационално.
» Поттикнување на соработка во рамки на независниот културен сектор и меѓу самостојните уметници на домашен и на меѓународен план, како и соработка со државните културни институции на локално и централно ниво.

Активностите на PrivatePrint studio во 2023 г. беа поддржани од:

C Fonds

Prince Claus Fund *for* Culture and Development

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**

**АКТИВНОСТИ ВО 2023 Г.**

**I. Network Partnership PrivatePrint**, Prince Claus Fund for Culture and Development (2021-2023)




PrivatePrint Meets е истражувачка програма која ја развивме во склоп на активностите поддржани од овој грант. Оваа програма се состои во посета на студија и средби со млади уметници, куратори и културни работници и запознавање со нивната практика. Профил на уметникот, со изјава и примери од нивната работа се објавува на веб-страницата. Избор од тројца уметници соработуваат со студиото во изработка на свој проект, а од оваа програма се избираат и уметниците во VR Studio.

Во 2023:

7 PrivatePrint Meets ■ 7 уметници, културни работници и куратори
6 женски и 1 машко ■ 5 градови ■ возраст од 25 до 34 години

**Проекти книги на уметници поддржани во 2023:**

Џемилиана Абдулова:
*A Small Roma Memory Book*
Христина Крстеска
*Raw Breathing - Traveling through rockscapes*
Хана Корнети и Ивана Чалоска, во соработка со Димитар Самарџиев:
*Croprising: Bad Gardeners&Good Weeds (A Guide)*
Викторија Мачковска:
*She, Time Machine*










**Настани:**

1.






*Who are we?* - перформанс на Џемилиана Абдулова
03.07.2023

2.






(2) *Предновогодишна фузија: промоција на три книги*
26.12.2023

## **II.** Кураторска практика

*Beyond the Subject*
PrivatePrint x Симон Коцјанчич
Галерија Равникар, Љубљана, 26.05 - 24.06.2023



Тура на изложбата за време на Љубљанскиот уметнички викенд, 27.05.2023





## **III.** Настани во PrivatePrint Studio (надворешни соработки)

*Queen of Something*
изложба на Драгана Заревска и Ѓорѓи Десподов
17.03 - 01.04.2023








*Феминистички историографии: изведувајќи го отсутното*
перформативна дискусија и архива, проект на Кумјана Новакова, со интервенции од Тања Врвило, Вики Младенова и Дијана Туседо
18.11 - 22.11.2023





## **IV. VR Studio**




Групната виртуелна изложба “First-Person Explained” претставува дела од четворица млади и талентирани уметници: Ана Трајковска, Рицет Ферати, Симона Манчева и Крсто Глигорјадис.

3Д дизајнер: Борко Хаџиевски, куратор: Илија Прокопиев, програмер: Милан Насевиќ и координатор: Марија Христова.



Ана Трајковска, звук Арта Абази
*A Spoonful of Wishes („Полна лажица желби“)*



Симона Манчева,
*We Have Love („Имаме љубов“)*



Рицет Ферати
*A Seesaw („Клацкалка“)*



Крсто Глигорјадис, звук Рицет Ферати
*Answers to the Mirror („Одговори на огледалото“)*

## **V. Презентации/настани/саеми**

Промоција на книгата *Hideout* од Симон Коцјанчич, PrivatePrint, 2022 и водство низ изложбите “So Unreal” на Симон Коцјачич, курирана од Илија Прокопиев и “Beyond the Subject” PrivatePrint x Симон Коцјанчич, во Галерија Равникар, Љубљана, Словенија, 21.06.2023

Средба со заменик амбасадорот на Холандија во С. Македонија, Роберт Декер, PrivatePrint Studio, 18.10.2023

Саеми 2023:

Miss Read - саем на уметнички книги Берлин, Германија, 22-24.09.2023

Athens Art Book Fair, Атина, Грција, 6-8.10.2023

Vienna Art Book Fair - Виена, Австрија, 20-22.10.2023

An Independent Book Fair, Тирана, Албанија, 25-27.11.2023

## VI. Комуникација со нашата заедница и кампањи

Активност и заедница на нашите најактивни социјални мрежи и блогот:

28 објави на Facebook \ 35 објави на Instagram

Вкупно следачи на крајот на 2023: 2226 на Facebook \ 1663 на Instagram

Вкупно нови заследувања во 2023: 57 на Facebook \ 225 на Instagram

Блог активност во 2023:

4 разговори \ Ана Трајковска, Рицет Ферат, Симона Манчева, Крсто Глигорјадис

1 повик \ Отворен повик за учество на групна виртуелна изложба VR Studio 2023

## VII. Побитни објави во медиумите







Интервју на Илија Прокопиев и Марија Христова во ETC. Magazine, N.02/2023, Љубљана




Видео интервју на Џемилиана Абдулова во PrivatePrint Studio, Види вака, 13.07.2023

Селекција од други објави:

11.06.2023 \ Trn.mk - Интервју со Јован Јосифовски: Предизвик ми е да останам смирен кога ме напаѓаат оние што не ми ги плаќаат сметките >> LINK

30.06.2023 \ PopUp - Џемилиана Абдулова: Сакам секој да го доживее ромскиот идентитет >> LINK

04.08.2023 \ Портрет дигитал - Џемилиана Абдулова: „Сите го имаме и носиме Романипе во себе“ >> LINK

02.12.2023 \ Спомнување на книгата I used to be a lovely boy but turned out queer од Јован Јосифовски во осврт на Независниот саем на книга во Тирана, Historia Ime - Një panair libri siç duhet në tiranë (Вистински саем на книги во Тирана) >> LINK

## VIII. Заклучок

PrivatePrint Studio во 2023 година ја реализираше третата година од својот прв поголем грант, програмата поддржана од Prince Claus Fund for Culture and Development. Во третата и последна година од проектот ги реализиравме книгите што беа одбрани на отворениот повик за соработка на интердисциплинарен издавачки проект и имавме можност да ја продлабочиме нашата работа на интердисциплинарни проекти.

Повторно бевме поддржани од Министерството за култура во реализација на проектот VR Studio 2023 и во минатата година го променивме начинот на работа. Со цел да го истражиме подлабоко виртуелниот простор и неговите можности и реализиравме група курирана изложба на четворица млади уметници, селектирани на отворен повик.

Она што е значајно од минатата година е и развојот на студиската кураторска практика и интернационално дејствување. Веќе воспоставените соработки со словенечки уметници од страна на издавачот PrivatePrint, овозможија да ја продлабочиме таа соработка и со изложба во Галеријата Равникар во Љубљана.

Во 2023 година, поднесовме зголемен број на апликации за грантови и развивме партнерство со организации од С. Македонија и странство, пред сè за понатамошен развој на проектот со виртуелното студио. Дополнително, апликациите беа насочени и кон развој на резиденцијалната програма и во таа насока, за 2024 година имаме одобрено средства од Гете институтот во Скопје за реализација на резиденција на германска уметница во нашето студио.

Особено сме горди што оваа година успеавме да ја продлабочиме практиката на развој на интердисциплинарни уметнички проекти во форма на книга, што отворивме интернационални можности за соработка и што ја продолжуваме програмата со резиденции во студиото. Особено сме среќни, што нашата кураторска практика може да добие и официјална форма на претставување.

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ 2023 ГОДИНА

Главните активности на студиото во 2023 година беа поддржани од Prince Claus Fund for Culture and Development и од Министерството за култура на РСМ, како и со донации, а еден дел од активностите се спроведуваат и волонтерски од страна на тимот на студиото.

| | | |
|---|---|---|
| **Приходи 2023 (ВКУПНО)** | **-** | **1.447.471,00** |
| Грант Network Partnership PrivatePrint | - | 1.066.982 ,00 |
| Грант VR Studio | - | 303.489,00 |
| Донација | - | 77.000,00 |
| | | |
| **Расходи 2023 (ВКУПНО)** | **-** | **1.423.082,00** |
| **Network Partnership PrivatePrint** | | **1.119.593,00** |
| - Хонорари | - | 669,086,00 |
| - Материјални расходи | - | 21.000,00 |
| - Продукциски трошоци (услуги) | - | 421.766,00 |
| - Банкарски провизии | - | 7.741,00 |
| **VR Studio 2023** | | **303.489,00** |
| - Хонорари и даноци | - | 303.489,00 |
| | | |
| **Пренесени за следната година (ВКУПНО)** | **-** | **24.389,00** |
| - За грант Network Partnership PrivatePrint | - | 24.389,00 |